EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ВТОР ОДДЕЛ

**СЛУЧАЈОТ**
**КИТАНОВСКА И ТРАЈКОВСКИ против СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

*(Апликации бр. 71657/17 и девет други – види го списокот во прилог)*

ПРЕСУДА

СТРАЗБУР

14 ноември 2023 г.

*Пресудата е конечна, но може да биде предмет на редакциски измени.*

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

**Во случајот Китановска и Трајковски против Северна Македонија,**

Европскиот суд на човекови права (втор оддел), заседавајќи во совет, составен од:

Lorraine Schembri Orland, *Претседател,*
Jovan Ilievski,
Diana Sârcu Лорејн, *судии,*

и Dorothee von Arnim, *Заменик секретар,*

Разгледувајќи ги:

апликациите против Република Северна Македонија поднесени до Судот согласно членот 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (Конвенцијата) од страна на г-а Надежда Китановска (првата апликантка) и г. Радојко Трајковски (вториот апликант), двајцата Македонци/граѓани на Северна Македонија, на датумите наведени во приложената табела;

одлуката да се извести Владата на Северна Македонија (Владата), застапувана од нејзиниот Агент, г-а Д. Џонова, за жалбениот навод на апликантите во врска со членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата и остатокот од апликацијата да го прогласи за недопуштен;

поднесоците на странките;

Разгледувајќи го предметот на затворена седница на 17 октомври 2023 година,

Ја донесе следната пресуда, која беше усвоена на наведениот датум:

## ПРЕДМЕТ НА СЛУЧАЈОТ

1. Апликациите се однесуваат на жалбениот навод на апликантите дека обврската за праќање на фиксен надомест на приватен снабдувач со топлинска енергија воведена од државата го повредила мирното уживање во нивниот имот (станови) од членот 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата.

2. И двајцата апликанти се сопственици на станови во станбени згради во Скопје кои се приклучени на мрежата за централно греење со која управува приватен снабдувач со топлинска енергија. Пред 30 јули 2012 година, кога Регулаторната комисија за енергетика ги усвоила Правилната за снабдување со топлинска енергија („Правила од 2012 година“), нивните станови биле исклучени од топлификациската мрежа. Според членот 53(2) од Правилата од 2012 година, исклучените корисници требало да им плаќаат на приватните снабдувачи на топлинска енергија годишен надоместок за ангажирана моќност, кој се плаќал на месечни рати. Со одлуката У. Бр.

125/2012 донесена на 22 мај 2013 година, Уставниот суд ја прогласил таа одредба за компатибилна со Уставот (Правилата од 2012 година и одлуката на Уставниот суд се сумирани во *Strezovski and Others v. North Macedonia,* бр. 14460/16 и 7 други, §§ 12-13 и 17-19, 27 февруари 2020 г.).

3. По воведувањето на обврската на 1 октомври 2012 година (член 66 од Правилата од 2012 година), приватниот снабдувач со топлинска енергија издал фактури со кои барал од апликантите да го платат надоместокот. Кога апликантите не платиле, нотар ги одобрил барањата на снабдувачот за извршување на неплатените фактури и издал платни налози за неплатени месечни рати од надоместокот.

4. Апликациите поднесени од првата апликантка се однесуваат на платни налози за месечни рати во опсег помеѓу 14 и 20 евра за периодите од август 2013 до јули 2015 година, ноември до декември 2015 година, јануари до април 2016 година и август и септември 2016 година. Апликациите на вториот апликант се однесуваат на исти такви налози во опсег помеѓу 5 евра и 12 евра за периодите од октомври 2012 до април 2013 година, за целата 2014 година и за периодот од февруари до април 2016 година.

5. Двајцата апликанти ги оспориле горенаведените платни налози пред Основниот суд Скопје тврдејќи дека: (i) не склучиле договор со снабдувачот; (ii) надоместокот бил воведен со Правилата од 2012 година, и покрај тоа што таквата обврска може да биде воведена само со закон; (iii) Законот за енергетика не ги вклучувал термините „исклучени корисници“ и „пасивни корисници“ воведени со Правилата од 2012 година; (iv) становите на апликантите биле исклучени од системот за централно греење пред Правилата од 2012 година да стапат во сила; (v) бараните износи не биле засновани на објективна проценка на топлината добиена од други единици во истата зграда; и (vi) нивните станови не добивале топлина од централниот систем. Двајцата апликанти доставиле вештачења во кои се наведува дека нивните станови не користат топлинска енергија од топлификациската мрежа: станот на првата апликантка имал сопствен систем за греење, додека станот на вториот апликант бил на последниот кат од зградата со само еден соседен стан и исклучена единица подолу. Вториот апликант, исто така, изјавил дека цевките за греење во неговиот стан биле демонтирани.

6. Со посебни одлуки донесени помеѓу февруари 2016 и јануари 2018 година (со правосилни пресуди донесени помеѓу декември 2016 и септември 2018 година), и Основниот суд Скопје и Апелациониот суд ги одбиле приговорите на апликантите и ги потврдиле налозите. Судовите утврдиле дека апликантите биле „пасивни корисници“ на топлина дистрибуирана во зградата преку мрежата за централно греење и соодветно биле обврзани да го

платат надоместокот, како што било наведено во членот 53(2) и членот 66 од Правилата од 2012 година. Вештачењата поднесени од апликантите (види параграф 5 погоре) биле одбиени од судовите како ирелевантни за случајот и не бил извршен увид на лице место.

7. Апликантите се истакнаа жалбени наводи според членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата дека нивното право на мирно уживање на нивните станови било повредено со обврската да го платат надоместокот за ангажирана моќност.

## ОЦЕНКА НА СУДОТ

### I. СПОЈУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

8. Имајќи го предвид сличниот предмет на апликациите, Судот смета дека е соодветно да ги разгледа заедно во една пресуда.

### II. БАРАЊЕТО НА ВЛАДАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ СОГЛАСНО ЧЛЕНОТ 37 § 1 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

9. Владата поднесе еднострана декларација во врска со сите барања во кои таа изречно признава дека има повреда на правата на апликантите заштитени со членот 1 од Протокол бр. 1 и понуди да им плати одредена сума пари во однос на нематеријална штета, како и трошоци.

10. Апликантите, *inter alia,* тврдеа дека одлуката за отстранување на Судот не може да биде основа за повторување на домашната постапка со оглед на тоа што членот 400 од Законот за парнична постапка предвидува дека постапката може да се повтори само врз основа на конечна пресуда со која се утврдува повреда на правата и слободите од Конвенцијата.

11. Судот ја зеде предвид домашната законска одредба цитирана од апликантите и забележува дека Владата, иако поканета да го стори тоа, не дала никакви убедливи аргументи или пример од домашната судска пракса за да покаже дека можност за повторување на граѓанската постапка постои во случај на одлука на Судот со која се прифаќа еднострана декларација и отстранување на предмет од неговата листа. Според тоа, не може со доволен степен на сигурност да се каже дека постапката за повторување на граѓанската постапка би била достапна доколку Судот ја прифати едностраната декларација на Владата (види, *mutatis mutandis, Romić and Others v. Croatia*, бр. 22238/13 и 6 други, §§ 84-85, 14 мај 2020 г.). Во такви околности, Судот ги прифаќа аргументите на апликантите и смета дека со

едностраната декларација не е понудена доволна основа за да се утврди дека повеќе не е оправдано да се продолжи со разгледувањето на апликациите и дека за почитување на човековите права, како што е дефинирано во Конвенцијата, не е потребно дополнително разгледување на случајот (член 37 § 1 (в) и § 1 *in fine*; види *Tahsin Acar v. Turkey* (прелиминарни приговори) [GC], бр. 26307/95, § 75, ЕСЧП 2003-VI).

12. Според тоа, Судот го одбива барањето за отстранување на апликациите од листата на предмети согласно членот 37 од Конвенцијата.

## III. НАВОДНА ПОВРЕДА НА ЧЛЕНОТ 1 ОД ПРОТОКОЛОТ БР. 1 НА КОНВЕНЦИЈАТА

### А. Допуштеност

13. Во *Strezovski and Others v. North Macedonia* (бр. 14460/16 и 7 други, § 64, 27 февруари 2020 г.), Судот одлучи дека обврската за плаќање на надоместокот, сама по себе, претставува мешање во правото на апликантите на мирно уживање во нивните станови. Понатаму, Судот не е убеден дека приговорите на платните налози и последователните граѓански постапки во кои апликантите се обиделе да докажат дека нивните станови не користеле топлина од мрежата за централно греење (види параграф 5 погоре), очигледно, биле неефикасни правни лекови и затоа апликантите не може да бидат виновни за нивното користење (види *Gherghina v. Romania* (одл.) [GC], бр. 42291/07, §§ 84-89, 9 јули 2015 г. и *Mocanu and Others v. Romania* [GC], бр. 10865/09 и 2 други, §§ 221-26, ЕСЧП 2014 (извадоци)). Затоа, приговорите на Владата дека апликантите немале легитимно очекување нивните приговори да бидат уважени и дека користеле неефективен правен лек и, според тоа, не ги поднеле апликациите во рокот од шест месеци, мора да бидат отфрлени.

14. Судот, понатаму, забележува дека, во рамки на значењето на членот 35 § 3 (а) од Конвенцијата, жалбените наводи на апликантите не се очигледно неосновани или недопуштени на која било друга основа. Затоа, мора да се прогласат за допуштени.

### Б. Основаност

15. Општите принципи во врска со правата на апликантите според членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата се сумирани во *Strezovski and Others* (цитиран погоре, §§ 61-62).

16. Во конкретниот случај, наметнувањето на надоместокот за ангажирана моќност на апликантите, како сопственици на станови исклучени од системот за централно греење, претставуваше или мешање на нивното право на мирно уживање во нивните станови или негова компатибилност со членот 1 од Протоколот бр. 1, треба да се оценува според важечките обврски на државата според таа одредба (види *Strezovski and Others*, цитиран погоре, §§ 64-65). Понатаму, оспорената мерка била предвидена со закон (види параграфи 2-3 погоре, а исто така и *Strezovski and Others*, цитиран погоре, §§ 68-69) и имала легитимната цел да се обезбеди безбедно, сигурно и ефикасно снабдување со топлинска енергија (види и *Strezovski and Others*, цитиран погоре, §§ 70-75).

17. Што се однесува на тоа дали е постигната правична рамнотежа меѓу конкурентните интереси на поединецот и заедницата како целина, сепак, во спорната постапка домашните судови не ги оцениле објективно сите релевантни фактори на случаите, вклучувајќи ги и аргументите и доказите на апликантите во однос на специфичните детали за нивните станови (види параграф 5 погоре). Тие го примениле истиот бланкетен пристап за кој Судот утврдил дека е во спротивност со обврската на тужената држава да обезбеди соодветна заштита на правата на сопственост на апликантите и е неуспех во постигнувањето на потребната правична рамнотежа помеѓу вклучените интереси (ibid., §§ 76-89).

18. Според тоа, има повреда на правото на апликантите на мирно уживање во нивниот имот, како што е загарантирано со член 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата.

## ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 41 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

19. Првата апликантка побарала 2.255 евра за материјална штета, 86.000 евра за нематеријална штета и 8.173 евра за трошоците направени пред домашните судови и Судот. Вториот апликант побарал 15.000 евра за нематеријална штета и 8.453 евра за трошоците направени пред домашните судови и Судот.

20. Владата ги оспори овие побарувања.

21. Судот не е во состојба да го оцени побарувањето на првата апликантка во однос на материјалната штета и се повикува на можноста што ѝ е достапна да бара повторување на постапката во согласност со членот 400 од Законот за парничната постапка (види *Strezovski and Others*, цитиран погоре, § 95).

22. Од друга страна, правејќи ја својата проценка на правична основа, на првата апликантка ѝ досудува 4.000 евра, а на вториот апликант 3.000 евра во однос на нематеријална штета, плус секој данок што може да се наплати на тие износи.

23. Што се однесува до трошоците направени во домашните постапки и пред Судот, имајќи ги предвид документите што ги поседува, Судот досудува 1.200 евра на првата апликантка и 1.100 евра на вториот апликант, плус секој данок што може да се наплати на тие износи.

ОД ОВИЕ ПРИЧИНИ, СУДОТ, ЕДНОГЛАСНО,

1. *Одлучи* да ги спои апликациите;

2. *Го отфрла* барањето на Владата апликациите да бидат отфрлени од списокот на предмети;

3. *Ги прогласува* апликациите за основани;

4. *Утврдува* дека има повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата во однос на двајцата апликанти;

5. *Утврдува*

(а) дека тужената држава треба, во рок од три месеци, да им ги исплати на апликантите следните износи, што треба да бидат претворени во валутата на тужената држава според курсот на датумот на исплата;

(i) во однос на сите апликации од првата апликантка:

- 4.000 евра (четири илјади евра), плус кој било данок што може да се наплати, во однос на нематеријална штета;

- 1.200 евра (илјада и двесте евра), плус секој данок што може да ѝ се наплати на првата апликантка, во однос на трошоците;

(ii) во однос на сите апликации од вториот апликант:

- 3.000 евра (три илјади евра), плус кој било данок што може да се наплати, во однос на нематеријална штета;

- 1.100 евра (илјада и сто евра), плус секој данок што може да му се наплати на вториот апликант, во однос на трошоците;

(б) дека по истекот на горенаведените три месеци до исплатата на горенаведените износи ќе се плати камата по стапка еднаква на најниската каматна стапка за позајмени средства на Европската

централна банка за време на периодот на доцнење, плус три процентни поени;

6. *Го отфрла* остатокот од побарувањата на апликантите за правична надомест.

Изготвена на англиски јазик, и објавена во писмена форма на 14 ноември 2023 година, во согласност со правилото 77 §§ 2 и 3 од Деловникот на Судот.

Dorothee von Arnim
Заменик регистратор

Lorraine Schembri Orland
Претседател

# ПРИЛОГ

Список на предмети:

| Бр. | Апликација бр. | Име на предмет | Поденесена на | Година на раѓање и место на живеење на апликантот | Застапуван од |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 71657/17 | Китановска против Северна Македонија | 27/09/2017 | **Надежда КИТАНОВСКА** 1944 Скопје | Диме ЃОРЧЕВСКИ |
| 2. | 78391/17 | Трајковски против Северна Македонија | 07/11/2017 | **Радојко ТРАЈКОВСКИ** 1945 Скопје | |
| 3. | 82519/17 | Трајковски против Северна Македонија | 23/11/2017 | **Радојко ТРАЈКОВСКИ** 1945 Скопје | |
| 4. | 84547/17 | Китановска против Северна Македонија | 11/12/2017 | **Надежда КИТАНОВСКА** 1944 Скопје | |
| 5. | 15680/18 | Трајковски против Северна Македонија | 27/03/2018 | **Радојко ТРАЈКОВСКИ** 1945 Скопје | |
| 6. | 15682/18 | Трајковски против Северна Македонија | 27/03/2018 | **Радојко ТРАЈКОВСКИ** 1945 Скопје | |
| 7. | 15683/18 | Трајковски против Северна Македонија | 27/03/2018 | **Радојко ТРАЈКОВСКИ** 1945 Скопје | |
| 8. | 41061/18 | Китановска против Северна Македонија | 09/08/2018 | **Надежда КИТАНОВСКА** 1944 Скопје | |
| 9. | 3956/19 | Китановска против Северна Македонија | 11/01/2019 | **Надежда КИТАНОВСКА** 1944 Скопје | |
| 10. | 15098/19 | Китановска против Северна Македонија | 13/03/2019 | **Надежда КИТАНОВСКА** 1944 Скопје | |